ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08- 1946/
11 -07- 2025

Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19) и член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по електронска пријава од непознат подносител Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) на 20-та седница одржана на ден 04.07.2025 година донесе

*О Д Л У К А*

Постапката по предметот со број 08-9107/1 од 01.11.2022 година, СЕ ЗАПИРА.

Предметот со број 08-9107/1 од 01.11.2022 година да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

*О б р а з л о ж е н и е*

Предметот со број 08-9107/1 од 01.11.2022 година е оформен по пријава од познат поднесител во која се изнесени наводи за неподнесување на анкетен лист/изјава за имотна состојба и интереси до ДКСК од страна на **101 именувани** лица, сите именувани од страна на Владата на РСМ.

Со цел проверка на наводите од пријавата, Државната комисија за спречување на корупцијата изврши увид во својата електронска евиденција при што се утврди следната фактичка состојба:

- Од вкупниот број наведени во пријавата, 13 лица имаат доставено анкетен лист/изјава за имотна состојба и интереси во законски утврдениот рок;

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

- За две лица во пријавата се повторуваат два пати за иста функција, за што очигледно е направена техничка грешка од страна на подносителот;
- 48 лица наведени во пријавата немаат доставено анкетен лист/изјава за имотна состојба и интереси во законски утврдениот рок по избор/престанок на функцијата од кои 47 неподнеле анкетен лист/изјава за имотна состојба и интереси по престанок на функцијата и едно лице не поднело анкетен лист/изјава за имотна состојба и интереси по именување на функцијата. За сите овие лица со службени белешки се оформени посебни предмети во рамки на кои ќе бидат иницирани соодветни прекршочни постапки односно ќе бидат издадени прекршочни платни налози за сторени прекршоци по член 82 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казниви по член 109 од истиот закон.
- За едно лице, Извршен член на Одбор на директори на Акционерското друштво е постапувано во друг предмет и му е издаден прекршочен платен налог за истиот прекршок при што од страна на лицето е постапено по налогот и е платена глобата. ДКСК од извршениот увид во Службен весник на РСМ констратира дека лицето повторно е именувано на истата функција на 11.02.2025 година и по извршениот увид во електронската евиденција, ДКСК констатира дека лицето и покрај претходно издадениот прекршочен платен налог повторно нема поднесено изјава за имотна состојба и интереси за што со Службена белешка е оформен предмет од страна на ДКСК.
- ДКСК по извршениот увид, констатира дека едно лице нема поднесено анкетен лист по престанок на функцијата, но од податоците од Службен весник на РСМ произлегува дека се поминати 2 години од сторување на прекршокот поради што е настаната застареност на

поведување и водење на прекршочна постапка и ДКСК не е во можност да постапува понатаму.

- За едно лице од пријавата, Заменик директор на јавна установа, констатирано е дека е постапувано во друг предмет и издаден му прекршочен платен налог за истиот прекршок;
- За 36 лица, од проверките што се направени констатирано е дека ДКСК не располага со потребни податоци за утврдување на фактичка состојба, поради што е неопходно да се прибават податоци (Акт за именување/престанок на функција) од институциите кои ги именувале.

Согласно со горенаведеното, ДКСК констатира дека нема елементи за нејзино понатамошно постапување во конкретниот случај, поради што постапувањето по овој предмет СЕ ЗАПИРА.

Постапката за поединечните лица од пријавата ќе продолжи по новооформените предмети од страна на ДКСК.

**Заменик претседател**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**

**Изготвил:** м-р А.А.Т., Советник
**Контролирал:** м-р Н.Т-М, Раководител на одделение
**Согласен:** К.З, Раководител на сектор
**Одобрил:** Б.Ц, член